УДК 821.163.3-5

**Анета Дучевска**

# ОБРАЌАЊЕ ВО СВОЈСТВО НА ДЕКАН НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ НА СВЕЧЕН ЧАС ПО ПОВОД 75-ГОДИШНОТО ПОСТОЕЊЕ НА КАТЕДРАТА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (15.10.2021)

Почитувани,

Катедрата за македонски јазик во своето 75-годишно постоење се развива и достигнува статус на образовна, научна и културна референца во своето потесно и пошироко опкружување.

Формирана како факултетска единица чиј примарен интерес е проучувањето на македонскиот јазик во општолингвистички контекст, во образовен контекст, во применувачки контекст, во амбасадорски контекст, Катедрата се здобива со лик и дело препознатливо во земјата и во странство.

На што се должи овој статус и оваа препознатливост? Пред сѐ, на несебичните заложби на индивидуален и на колективен план: Катедрата за македонски јазик е дом и алма матер на голем број филолози и јазичари, кои со своите авторски дела и со педагошката дејност придонеле во обликувањето на сликата на Катедрата, која, пак, привлекла и привлекува нови генерации заинтересирани да се формираат во вакви профили. Од друга страна, на колективен план, Катедрата се истакнува како домаќин на бројни научни конференции; како учесник и партнер во национални и меѓународни проекти со значајни резултати за својот развој; како реализатор на специјализирани тестирања и испити за потребите на други институции. Сѐ на сѐ, една богата и шаренолика континуирана активност и присутност.

Почитувани,

Како и секој друг жив организам на овој свет, така и Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици има свои животни циклуси: има своја пролет, свое раѓање, обнова, будење во 40-тите и 50-тите години; има

свое лето – виталност, акција, авантура во 60-тите и 70-тите години; има своја есен – жетва, златно доба, плодови во 80-тите и 90-тите години; има своја зима – студ, пасива, хибернација во 20-те години од 21 век. На прагот сме на нов циклус, кој нè води до прашањето Што понатаму? Оваа временска отсечка од 75 години постоење и делување на една високообразовна институција е доволен период за рефлексија во однос на ова прашање, т.е. за рефлексија во манир на Мисирковата реторика Што направивме и што треба да правиме за однапред; или, пак, во манир на христијанската реторика Кво вадис? Одговорите на овие прашања ќе добијат свој израз во наредните 25 години, кога ќе се најдеме во 100-та година од постоењето. До тогаш, на сите колеги актуелни и поранешни, на сите студенти актуелни и поранешни, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и на УКИМ им го честитам јубилејот на Катедрата за македонски јазик, со желба за воведување нови, свежи, квалитетно подобрени концепти и пристапи кон работата, за континуирано зајакнување на своите капацитети, како и за поставување високи цели и стандарди што ќе ја направат Катедрата институција со исклучително квалитетни обележја.